MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-2056/4
год. 27-06-2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 19-та седница одржана на ден 07.06.2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси постапувањето на Државната комисија за спречување на корупцијата во предметот со број 12-2056/1 од 28.03.2019 година, е беспредметно, по предметот е постапено од Државната комисија за спречување на корупцијата.

Предметот со број 12-2056/1 од 28.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2056/1 од 28.03.2019 година е оформен врз основа на добиена анонимна пријава.

Добиената пријава содржи наводи за незаконито вработување на лице во едно подрачно одделение на Управата за водење на матични книги.

На седницата, по разгледување на сите наводи во предметниот пријавен случај, ДКСК констатира дека, на своја седница одржана на ден 27.03.2019 година, веќе има постапено по предмет со иста фактографија односно по исти предметни наводи заведен под архивски број во ДКСК со бр. 12- 752/1 од 22.02.2019 година, по предметот биле прибрани информации и податоци заради утврдување на фактичката состојба и било констатирано дека во предметниот случај не се потврдуваат наводите за незаконито вработување на лице во предметното матично одделение на Управата, како и не се потврдува основот за сомневање за постоење на судир на интереси и корупција во преметната постапка за вработување, по што била донесена Одлука дека ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот и тој бил затворен и архивиран. Со оглед на констатираното Државната комисија за спречување на корупцијата по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk